Macedonian – Erythema (Toxicum) Neonatorum

Воспалителни состојби



# Црвенило на кожата - еритема (токсикум) кај новороденчињата

## Важни работи

- Еритемата кај новороденчињата е дамчест црвен осип
- Таа се јавува кај 50% од новороденчињаа кои инаку се сосем здрави
- Причината не е позната
- Тоа не е инфекција ниту пак нешто што се пренесува од мајката на детето пред раѓањето
- Не е потребно лекување
- Осипот обично сосем се смирува во рок од две недели

### Што е тоа?

Еритемата кај новороденчињата е многу честа и се случува дури кај 50% од здравите новороденчиња. Се јавува како дамчесто црвенило на поголемиот дел од телото кој се појавува и исчезнува. Кај децата со потемна боја на кожата може да биде модра или темнокафеава. Детето се чувствува сосем добро и осипот не му создава никакви тешкотии.

Почнува како дамка широка 2-3 сантиметри која може да има мал средишен плик. Бројот на дамките е различен и може да биде од една до двесте. Најчесто се јавува на телото, особено на градите. Може исто така да се јави и на други места, како што се лицето, надлактиците и нозете.

Осипот обично почнува во текот на првите неколку дена од животот и постепено исчезнува некаде кон втората недела од раѓањето. Понекогаш може да биде присутен и до четири недели. Во ретки случаи може повторно да се појави во текот на првите шест недели.

### Што ја предизвикува?

Причината за еритемата кај новороденчињата не е позната. Тоа не е алергиска реакција на млекото или на лековите пренесена од мајката на детето. Не е ни инфекција.

### Како може да се лекува?

Не е потребно лекување. Таа не предизвикува никакви други здравствени проблеми и детето се чувствува сосем добро.

### Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.